РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1966/3
20-07-2026 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по предметот оформен со број 12-2913/1 од 14.11.2024 година по пријава со наводи за сомневања за незаконитости во постапка за јавна набавка на работи – покривање на пазар со поставување на мобилна урбана опрема во с.--------------- и за сомневање за кумулација на функции кај лицето ---------- -------------, истовремено член на Советот во Општина -------------- и заменик градоначалник на општината и директор на Психијатриската болница во -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, поради тоа што не се потврдуваат пријавените наводи за сомневање за незаконитости во предметната постапка за јавна набавка.
За наводите за сомневање на кумулација на функции кај споменатото лице, ДКСК има постапено во друг предмет и по утврдени прекршувања, поведени се соодветни постапки согласно закон.

Предметот со број 12-2913/1 од 14.11.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2913/1 од 14.11.2024 година е оформен по пријава од познат подносител со наводи за сомневања за незаконитости во постапка за јавна набавка на работи – покривање на пазар со поставување на мобилна урбана опрема во с.------------ и наводи за сомневање за кумулација на функции кај службеното лице -----

------ ---------------, кој истовремено вршел две функции: член на Советот во Општина ------------ и заменик градоначалник на спомената општина и директор на Психијатриската болница во -----------.

Со цел утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, ДКСК ја обезбеди целокупната документација од општината во врска со предметните наводи, по што го констатира следното:

Во врска со наводот за сомневање за кумулација на функциите, за тоа дека споменатото службено лице ---------- ----------------- кој бил член на Советот на Општина --------------, и со Решение бр. -----------------/1 од 22.03.2022 година донесено од Советот на општината бил определен за заменик градоначалник на Општина -- ------------, истовремено извршува функција директор на психијатриската болница во ------------и, ДКСК постапи по друг предмет каде донела Одлука бр. -------- од 28.05.2025 година, со која биле утврдени прекршувања на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и против споменатото лице биле иницирани соодветни постапки согласно закон.

По однос на наводите за сомневање за незаконитости во предметната јавна набавка, утврдено е дека од страна на правниот субјект ----------------- ДООЕЛ Скопје, за потребите на Општина -------------- бил изработен Основен проект за поставување на мобилна урбана опрема, поставување на монтажна настрешница и поставување на монтажни тоалети од јавен карактер во с. -------------, Општина -- --------------, од април 2022 година. Во прилог на проектот била доставена предмер – пресметка според која, проценетата вредност на набавката изнесувала 2.646.100 денари без ДДВ.
Врз основа на вака проценетата вредност, Општина ------------------ го усвоила Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на 13.02.2024 год, каде проценетата вредност за предметната јавна набавка изнесува 2.700.000 денари без ДДВ. Годишниот план за 2024 година бил донесен врз основа на првичната предмер – пресметка, на износ од 2.700.000 денари.
Непосредно пред отпочнување на предметната јавна набавка, од страна на --------- ------------------ДООЕЛ Скопје бил доставен корегиран основен проект, заверен под техн. бр. 04/22-14 од април 2022 година, каде што биле извршени промени во делот на предмер – пресметката, на начин што, за одредени ставки била променета цената, а одредени ставки биле целосно избришани, при исти технички услови, со која проценетата вредност е зголемена на 3.529.600 денари без ДДВ.

По доставената изменета верзија на Основниот проект, од Градоначалникот на Општина ---------------- била донесена Одлука за јавна набавка од 20.02.2024 година, каде е утврдено дека предмет на јавната набавка било изведување на работи за покривање на пазар во с.---------------- со поставување на мобилна урбана опрема; проценетата вредност била 3.529.600 денари без ДДВ; средствата биле обезбедени од буџетот на Општина ------------.

Огласот за јавната набавка е објавен на 21.02.2024 година. Како прилог на тендерската документација бил даден Основниот проект за поставување на мобилна урбана опрема, поставување на монтажна настрешница и поставување на монтажни тоалети од јавен карактер во с. ------------, Општина ---------------, техн. бр. ------------- од април 2022 година изработен од ------------------- ДООЕЛ Скопје, со изменетата предмер – пресметка.

Во постапката се пријавил само еден понудувач – ---------------- ДОО Кавадарци, со понудена цена од 3.510.400,00 ден без пресметан ДДВ.

По извршената евалуација на единствената понуда од страна на Комисијата за јавната набавка, Градоначалникот на Општина ------------- донел Одлука за избор на најповолна понуда бр.298/3 од 08.03.2024 година, со која бил избран единствениот понудувач, со понудената цена била 3.510.400 денари без ДДВ.

По конечноста на Одлуката, со носителот на набавката склучен е Договор за покривање на пазар во с.---------------и со поставување на мобилна урбана опрема од 19.03.2024 година, со вредност од 3.510.400 денари без ДДВ во времетраење до завршување на предметните активности, но најмногу до една година. Вредноста на склучениот договор е во рамките на планираните и обезбедените средства за оваа јавна набавка од буџетот на општината.

За следење на реализацијата на предметниот договор од страна на Андон Сарамандов, од Градоначалникот на Општина ------------- на правниот субјект ------- --------------------- ДООЕЛ ----------- бил издаден Налог за вршење надзор над изведување на градежни работи бр. --------------- од 26.03.20024 година. Надзорот бил спроведен врз основа на Договорот за извршување на надзор над изведување на градежни работи од втора категорија бр. --------- од 10.01.2023 година, кој бил склучен за период од 2 години со вкупна вредност од 1.200.000 денари без ДДВ или 0,70% од вредноста на склучените договори за изведување на градежни работи без пресметан ДДВ, каде како инвеститор се јавува Општина ------------.

Изведените работи се започнати на 28.03.2024 годинас и завршени заклучно со септември 2024 година. Од изведувачот ---------------- ДОО Кавадарци биле доставени прва, втора и завршна времена ситуација за реализација на предметните активности. Од правниот субјект ------------------------- ДООЕЛ ----------- ---а, кој вршел надзор над изведување на работите бил доставен Записник за

технички преглед бр. 03-460/6 од 04.12.2024 година во кој е наведено дека инвестициониот простор за покривање на пазар во с.-----------и со поставување на мобилна урбана опрема е изведен во рамките на проектната и тендерската документација со минимални отстапувања и Завршен извештај од спроведениот надзор бр. 03-460/7 од 06.12.2024 година, во кои е наведено дека просторот е изведен во согласност со одобрената документација за градење и истата може да се употребува.
Со цел проверка на наводите, ДКСК побара од Одделението за внатрешна ревизија при општина ------------- да изврши ревизија на споменатата постапка за јавна набавка и да достави Извештај со констатирани состојби до ДКСК.
По извршената ревизија на предметната постапка за јавна набавка, од Одделението за внатрешна ревизија при општина -------------- е доставен Извештај во кој е наведено дека предметната постапка е спроведена согласно Законот за јавните набавки и не се утврдени несогласувања со приложената документација.

Имајќи го предвид сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека постапил друг надлежен орган кој по извршен увид во расположливата документација на предметната постапка, не утврдил несогласувања во истата. По однос на наводите за сомневање за кумулација на функции кај службеното лице --------- -------------, ДКСК постапила по друг предмет каде донела Одлука бр. -------- од 28.05.2025 година, со која биле утврдени прекршувања на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од ДКСК биле иницирани соодветни постапки согласно закон.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar